# Право на друштва

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Наслов на наставниот предмет** | **Право на друштва** | | |
| **2.** | **Код** | 50825 | | |
| **3.** | **Студиска програма** | прв циклус на правни студии | | |
| **4.** | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје, УКИМ Скопје | | |
| **5.** | **Степен (прв, втор, трет)** | Прв | | |
| **6.** | **Академска година/семестар** | прва година,<br>II семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити: 7** |
| **8.** | **Наставник** | проф. д-р. Димитар Гелев<br>проф.д-р. Александар Климовски | | |
| **9.** | **Предуслови за запишување на предметот** | Согласно Одлука за правила на студирање на Правниот факултет „Јустнијан Први“ во Скопје, УКИМ | | |
| **10.** | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | |
| | Со совладувањето на содржините на оваа предметна програма студентите ќе се стекнат со доволни знаења за правните форми за водење на деловниот потфат-трговските друштва и работењето на сите видови трговци. Имајќи предвид дека секој бизнис се врши во некоја од формите на трговско друштво студентите лесно можат стекнато знаење да го применат бидејќи се работи за проблематика којашто има силна апликативна димензија во пракса. Во наставата најприменуван е методот на истражување на случај, како и симулирани случаи и правни ситуации така што еден од главните очекувани резултати е стекнатото знаење да го применат во реални правни ситуации. Резултатите што се очекуваат од студентите е суверено да ги познаваат правата на содружниците и акционерите, ингеренциите на органите на управување и управувачките структури, да ја познаваат содржината и да пристапат кон подготвување на актите на друштвата. Со проучувањето на проблематиката од оваа научна област студентите ќе бидат во состојба да поднесуваат поднесоци до Трговскиот регистар, да ја подготвуваат потребната документација, да подготуваат одлуки на органите на управување. Преку стекнаното знаење од областа на правото на друштвата студентите ќе можат да ги подготвуваат документите за одржување на собранија на акционери и собир на содружници како и одлуки на управители, контролори, надзорен и управен одбор, односно соодветно одбор на директори во зависност кој систем на управување е афирмиран кај акционерското друштво | | | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | | | |
| | Трговец поединец и трговски друштва, јавно трговско друштво, командитно друштво, командитно друштво на акции, друштва со ограничена одговорност, акционерски друштва, начини на управување, едностепен и двостепен систем на управување, спојување, припојување и поделба на друштвата, преобразба од една во друга форма, преземања, стекнувања, располагање со удели и акции, зголемување и намалување на основната главница, капитал на друштвата и видови резерви, промена на членството, стекнување сопствени удели или акции, заштита на основната главница, престанок, ликвидација и стечај на трговците, тајно друштво, економски интересни групи, конзорциуми, странски друштва, подружници, зависни и владеачки друштва, групи друштва и поврзани лица, сметководство кај трговците, водење трговски книги и изготвување на годишни сметки и извештаи. | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **12.** | **Методи на учење:** | Наставните содржини на предметната програма Право на друштвата се совладуваат преку предавања што се реализираат преку правење на power point презентации. На предавањата се иницираат прашања за дискусија од предметната проблематика се со цел да се реализира интерактивна настава. Студентите се мотивираат да го користат аналитичкиот метод при проучувањето на законската регулатива така што секој студент добива можност на наставата да анализира одредби од Законот за трговските друштва. Се прават симулирани правни ситуации се со цел студентите да се потикнат да размислуваат низ конкретни ситуации. Се користи метод на проучување на случаи којшто е предоминантен на вежбите по право на друштвата. Преку конкретни акти на трговските друштва, берзански случувања и актуелности студентите се подготвуваат за реалност бидејќи теоријата без пракса е како пловидба без компас. Вежбите по право на друштвата соработникот ги реализира преку практични примери, обрасци од Централниот регистар, конкретни статути, договори и акти на друштвата како и документи и одлуки на органите на управување кадешто на студентите им е овозможено да се уверат како се имплементира конкретно законската регулатива во Република Македонија. | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 140 | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 60+0+0+0+80 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања- теоретска настава | 60 | |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | **0** | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | 0 | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | 0 | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | **80** | |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 бода | | |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 30 бода | | |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 бода | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик/ Англиски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | |

**22.1 Задолжителна литература**

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** |
|---|---|---|---|
| **1.** | д-р Милан Недков, д-р Тито Беличанец, д-р Елена Градишки-Лазаревска | Право на друштва | Правен факултет “Јустинијан Први“, Скопје |
| **2.** | Закон за трговски друштва | | |

**22.2 Дополнителна литература**

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Nicola de Luca | EU Company Law | Cambridge University Press |
| **2.** | Simon Goren | German Commercial Code | Fred B. Rothman & Co |
| **3.** | Mads Andenas, Frank Wooldridge | European Comparative Company Law | Cambridge University Press |